# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2686.**

Врз основа на член 10 став (2) и член 118 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24 и 3/25), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ И СТУДЕНТИ КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови за стручно оспособување на лица одговорни за контрола на летањето (во понатамошниот текст: контролори на летање и студенти контролори на летање), утврдување на стручната оспособеност, издавање на соодветните исправи, формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатото стручно оспособување, положените испити, односно исправите.

Член 2

(1) При спроведувањето на одредбите на овој правилник одделни изрази го имаат следното значење:

1) „EASA (European Union Aviation Safety Agency)“ е Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството и

2) „Национална воздухопловна власт“, „надлежен орган“ и „надлежен орган на земјите членки“ се толкуваат, ако е применливо, како Агенција за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Поимите „Заедница (Community)“, „Право на заедницата (Community law)“, „Законски прописи на Заедницата (Community legislation)“, „Инструменти на Заедницата (Community instruments)“, „Договор за ЕЗ (EC Treaty)“, „Аеродром на Заедницата (Community airport)“, „Службен весник на Европските Заедници (Official Journal of the European Communities)“, „Службен весник на Европската Унија (Official Journal of the European Union)“, „Авиопревозник од Заедницата (Community air carrier)“ и „земја(-и) членка(-и) (Member State(s))“ употребени во ЕУ Регулативите од став (3) на овој член, се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19).

(3) Другите поими при спроведувањето на овој правилник го имаат значењето утврдено во Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, со нејзините измени (во натамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/1139) кои согласно член 2 од Правилникот за заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство се прифатени и директно се применуваат и согласно Регулативата (ЕУ) бр. 2015/340 на Комисијата од 20 февруари 2015 година за утврдување на техничките услови и административните постапки кои се однесуваат на дозволите и уверенијата на контролорите на летање согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и Советот, изменета и дополнета со ЕУ Регулативите бр. 2023/203 и 2023/893 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулативата 2015/340), која се прифаќа и директно се применува, и која е објавена на интернет страницата на Агенцијата.

Член 3

Начинот и посебните услови за стручно оспособување на контролорите на летање и студентите контролори на летање, утврдување на стручната оспособеност, стекнување на соодветните исправи и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатото стручно оспособување, положените испити, односно исправите се утврдени во ЕУ Регулативата 2018/1139 и ЕУ Регулативата 2015/340.

Член 4

(1) На постапките утврдени со овој правилник супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка доколку не е поинаку утврдено со ЕУ Регулативите од член 3 на овој правилник.

(2) По исклучок од став (1) на овој член во постапките кои се предвидени со овој правилник странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

(3) По исклучок од став (1) на овој член управните постапки за издавање, продолжување и/или промена на дозволите и/или овластувањата на контролори на летање и студенти контролори на летање се завршуваат во најкус можен рок, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на комплетно поднесена документација за соодветното барање за што Агенцијата ќе го извести подносителот на барањето.

Член 5

При примената на ЕУ Регулативата 2015/340 и нејзините измени од член 2 од овој правилник се користи Одлуката бр. 2015/010/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material), во поглед на условите за утврдување на стручно оспособување, дозволи и овластувањата на контролори на летање и студенти контролори на летање, вклучувајќи ги нејзините изменувања и дополнувања кои се однесуваат на тие ЕУ Регулативи, кои се објавени на интернет страницата на EASA, кои се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 6

(1) Одредбите на ЕУ Регулативата 2023/203 од член 2 на овој правилник, со која се изменува Регулативата 2015/340 ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

(2) По исклучок од одредбите од член 8 став (1) на ЕУ Регулативата 2015/340, овластувањата за аеродромска инструментална контрола – ADI за кула (Aerodrome Control Instrument (ADI) Rating) кои се издадени пред 1 јануари 2026 година, ќе бидат заменети од страна на Агенцијата, со овластувања за аеродромска контрола (Aerodrome Control (ADC)), најдоцна до 1 јануари 2029 година.

(3) Во врска со одредбите од член 8 ставови (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на ЕУ Регулативата 2015/340 датумот "4 август 2024" ќе се чита како "1 јануари 2026".

Член 7

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/17, 89/18, 177/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 158/19).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 10-836/1
13 јуни 2025 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2025 година изнесува 16.650 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.
ISSN 0354-1622